Република Македонија
МИНИСТЕРСТВО ЗА ФИНАНСИИ
С К О П Ј Е

# ПОКАНА ЗА ПОДНЕСУВАЊЕ ПОНУДА

Договорниот орган: Министерство за финансии на Република Македонија, со седиште на ул: "Даме Груев " бр. 14 - Скопје, лица за контакт: Даниела Јанкова, телефон 02/3106-709, електронска адреса: daniela.jankova@finance.gov.mk и Кристина Јорданова, телефон 3106-397, електронска адреса: kristina.jordanova@finance.gov.mk, има потреба од набавка на следнава услуга:

Креирање и реализација на медиумска кампања за промоција на можноста за субвенционирање на кредити за купување на стан или изградба на куќа.

За таа цел, договорниот орган спроведува постапка за доделување на договор за јавна набавка на наведената услуга со отворена постапка, во согласност со член 64 став 1 од Законот за јавните набавки ("Службен весник на Република Македонија", бр. 136/2007, бр.130/2008, бр. 97/2010 и бр.53/2011), за што го објави огласот бр. 05/2011.

Ги покануваме заинтересираните економски оператори да ни достават понуда за горенаведениот предмет за јавна набавка најдоцна до **10.1.2012 година, до 12,00 часот**, по пошта на горенаведената адреса или лично со поднесување во писарницата на Министерството за финансии, на адреса ул. "Мито Хаџивасилев Јасмин" бб (поранешна зграда на НИП "Нова Македонија") во Скопје.

Тендерската документација е прикачена кон огласот број **05/2011** и секој заинтересиран економски оператор може да ја преземе бесплатно од ВЕБ страницата: https://e-nabavki.gov.mk. Тендерската документација ги содржи сите информации кои можат да помогнат за изработка на понудата и се состои од следниве делови: инструкции за економските оператори, технички спецификации, модел на договор и образец на понуда.

Тендерската документација е достапна на македонски јазик.

Отворањето на понудите ќе биде јавно и ќе се изврши на **10.1.2012 година**, во 12,00 часот, во просториите на Министерството за финансии на ул. „Мито Хаџивасилев Јасмин" бб (поранешна НИП "Нова Македонија"), кат 1, сала за состаноци.

Заедно со понудата, задолжително се доставува банкарска гаранција на понудата во износ од **3%** од вкупната вредност на понудата.

Благодариме на соработката.

**Скопје, 16.11.2011 година**

Комисија за јавни набавки
Претседател,
Ивана Билбиловска